# Индискретно

**Вај Киленд**

САКАМ КНИГИ

# Глава 1
## ДОУСОН

*Што ли, по ѓаволите, си мисли мојот пријател?*

Стоев на трошната веранда од колибата што ја изнајмив преку „Ер-би-ен-би“ и се огледав наоколу. Дрвја. Нечистотија. Срање. Одлично. И проклети комарци. Можеби работите би изгледале подобро по добар сон. Ох, колку ми требаше тоа.

Дванаесетчасовното возење од Њујорк до Мичиген траеше петнаесет часа бидејќи сите можни луѓе патуваа викендот за Четврти јули. Сега беше два часот наутро и очекував таа бедна колиба да има барем пристоен душек. Влезната врата требаше да бара нумерички код за да се влезе, но кога посегнав по рачката, таа беше отклучена.

Внатрешноста беше помала отколку што изгледаше на фотографиите, но барем изгледаше чисто. Свршеницата на Бен го беше опишала просторот како рустикален и необичен, но јас само гледав колиба што можеби била прикажана во хорор-филм минатата година, и фрижидер толку стар што мислев дека ќе му треба кеса со мраз за да ги држи работите ладни. Воздивнав и ја скенирав кујната барајќи штекер. Најдов еден до прастар тостер и бев изненаден кога видов дека полнач за „ајфон“ е веќе вклучен во штекерот. Тоа мора да се модерните погодности со кои куќата се фалеше во својот опис.

Како и да е. Очајно ми требаше малку сон. Но, пред да се случи тоа, ми требаше туш, па фрлив уште еден последен поглед низ дневната соба и се упатив кон единствениот ходник. Имаше две врати. Првата што ја отворив водеше до комплетна бања со здиплени крпи уредно наредени на полицата. Се соблеков и влегов во кадата.

Наскоро, топла вода се слеваше по моите напнати рамена. Неколкупати длабоко вдишав, благодарен за добриот притисок на водата, и се опуштив под силниот млаз. Ова патување дефинитивно не беше моја идеја за одмор, но ми требаа неколку дена подалеку од канцеларијата. Далеку од Емили - и од мојот живот.

Без криминалци кои ми ги раскажуваат своите несреќни приказни.

Без нови, неискусни јавни бранители кои се појавуваат на суд целосно неподготвени и бараат одложување за да го нарушат мојот зафатен распоред.

Без бивши со кои се гледам по цел ден.

Природата не ми беше на списокот на омилени работи. Идеално, би поминал неколку дена подалеку од канцеларијата во хотел со пет ѕвездички на карипски остров, пиејќи коктели во барот покрај базенот и будејќи се со секси, гола жена до мене. И мислев дека ќе го добијам токму тоа кога мојот пријател објави дека ќе прави свадба на подалечна дестинација. Но, наместо тоа, изгледаше како да ми треба средство против инсекти, планинарски чевли и можеби банџо. Да ти ебам животот.

Топлиот туш всушност малку ме опушти, или можеби бев само уморен. Бев возел по утринското судско рочиште и две телеконференции, па спиењето беше следно на дневен ред. Одеднаш премногу мрзелив да се справам со отворањето на куферот, се исушив и завиткав крпа околу половината. Немаше друга колиба во близина, па можев да ја прескокнам долната облека и да си го мавтам колку што сакам. Можеби ќе го испијам кафето гол на тремот утре наутро.

Во оваа мала колиба имаше само уште една соба, па не беше премногу тешко да се открие каде е спалната соба. Вратата се отвори со крцкање и напипав по ѕидот барајќи го прекинувачот за светло, но немаше. Успеав да се протнам во темнината и да стигнам до креветот без да си го удрам прстот на ногата, па решив дека не е приоритет да видам каде спијам и се качив во постелата. За разлика од остатокот од колибата, која мирисаше малку на

мувла, оваа соба мирисаше... па, речиси цветно. Сигурно ги переле чаршафите со пристоен бренд на детергент за перење. Тоа беше добредојдено изненадување. Мирисот ме опушти дури и повеќе од тушот. Така беше, сè додека не се превртев и нешто ме тресна во лицето.

„Што е ова, по ѓаволите!“

Скокнав од креветот и ја ставив раката на десното око.

Куче залаја, а женски пискав глас извика: „Имам пиштол!“

Брзо заборавајќи ја болката што зрачеше од моето лице, ги кренав рацете. „Не ти треба оружје. Не сум вооружен и нема да те повредам. Ги држам рацете во воздух.“

Одеднаш блесна светлина и пред мене се најде жена висока околу 1,6 метри, во светлорозов комплет пижами со тантела, држејќи куче кое не можеше да тежи повеќе од пет килограми. Малечкото беше во едната рака додека таа насочуваше нешто кон мене со другата.

Дали се тоа... пар очила за читање? Го збрчкав челото. „Тоа ли е твоето оружје?“

Таа замавна со очилата. „И имам зелен појас!“

Очите ми се раширија. „Тоа би било како два над белиот? Си била на три часа?“

Очите на русокосата се стеснија. „Леонардо каса.“

Како по наредба, кучето за’ржа и ми ги покажа непцата. Но, тоа беше сè што се чинеше дека има во устата. Посочив кон него. „Дали тоа нешто воопшто има заби?“

Жената се намурти. „Молчи. Има неколку, а парадентозата е распространета кај чивавите. Што сакаш од мене, и зошто носиш само крпа?“

„Ахх... Затоа што штотуку се истуширав. А она што го сакам е добар сон, за почеток. Што правиш ти тука, по ѓаволите? Го изнајмив ова место.“

„Го изнајми ова место? Нема шанси. Јас ја изнајмив оваа колиба.“

Одеднаш, коската под моето око почна да пулсира. Посегнав и го почувствував горниот дел од десниот образ. „Со што ме удри, по ѓаволите?“

Таа ги спушти очилата на креветот и ја свитка раката, отворајќи ја и затворајќи ја. Изгледаше црвена и отечена како моето лице. „Ау. Многу ме болат прстите.“

*Што, по ѓаволите, се случува овде?* „Сигурно сте во погрешна колиба, госпоѓице. Како влеговте овде?“

Таа ја притисна десната рака и се стресе. „Го имам кодот.“

Го изрецитира, и тоа беше точниот код, во ред. Се сетив бидејќи беше роденденот на мојата бивша во бројчена форма - 13 јули. „Кој ти го даде?“ прашав.

„Домаќинката на ‘Ер-би-ен-би’, Ејми.“

Немав поим од кого јас ја изнајмив, но оваа жена ми изгледаше мошне убедлива. Можеби бев во погрешна колиба? Можев да се заколнам дека бројот на куќата е педесет. Дали можеби сум во погрешна улица? Кога ќе размислам, не го користев кодот за да влезам. Иако ентериерот изгледаше точно како на фотографиите на интернет...

„Дали е ова ‘Фифти Догвуд Лејн’?“

„Да.“

Ги кренав рамената.. „Па, тогаш ова е местото што го изнајмив.“

„Тоа е невозможно, бидејќи јас го изнајмив.“ Таа повторно ја стисна раката. „Проклетство. Прстите ме болат многу.“

„Дозволи ми да ги видам.“

„Дали си доктор?“

„Не.“

„Тогаш зошто би ти дозволила да ми ја видиш раката?“

„Затоа што порано боксував. Имам скршено повеќе туѓи вилици отколку што можам да избројам.“

Таа се двоумеше. Но барем го спушти штрбавото куче. Малото гомно почна да лае штом неговите нозе го допреа душекот. Скокна од креветот и трчаше околу мене, ‘ржејќи. Не беше голема закана, бидејќи немаше заби, па не се ни помрднав. Иако, како што се покажа, не му требаа заби за да зграби некои работи.

Како крпа.

И да повлече.

И сега бев сосема гол, со целосно откриен пенис.

Жената ги покри очите. „Мајко мила!“

Ебате. Животот. Овој ден стануваше сè полош и полош - главно затоа што откако штотуку се истуширав, пенисот ми беше ладен и се обидуваше да најде топло засолниште со тоа што се беше напикал во моите тестиси колку што е можно повеќе. Ова дефинитивно не е моето најдобро откривање - не дека беше откривање, но мажот секогаш сака добар прв впечаток.

Жената ги рашири прстите и ѕирна. „ Мајко мила. Немој само да стоиш таму! Направи нешто! Гол си.“

Ја зграпчив прекривката од креветот и ја завиткав околу половината. „Тукушто се истуширав...“

„И?“

„Па, не сакам да мислиш...“

Таа ги крена веѓите. „Дали сериозно си загрижен дека твојата машкост не изгледа најдобро?“

*Па... да.* Но, тоа звучеше како трик-прашање, па не одговорив. „Дај ми да го видам договорот за изнајмување.“

„Ти дај ми да го видам *твојот* договор за изнајмување!“

„Добро“, промрморев. „Во мојот куфер е во другата соба.“

„Можеби додека си таму, можеш да најдеш и облека, да ставиш нешто на себе!“

Ја погледнав од глава до пети. Искрено, беше многу слатка. Руса коса собрана на врвот од главата во неуредна пунџа, крупни зелени очи и неколку пеги на врвот од

нејзиниот прчест нос. Само што ова не беше бар, и последното нешто што ми требаше во животот беше жена, па го однесов мојот задник покриен со чаршаф во дневната соба.

Русокосата со зелен појас излезе додека пребарував низ куферот. Сега носеше наметка цврсто стегната околу половината. Штета. Облеката под неа беше поубава. Го зеде лаптопот што претходно не го забележав на масичката за кафе и почна да клика по копчињата.

Во меѓувреме, извадив еден пар шорцеви, маица и папката со еден куп документи што мојата асистентка ги испечати пред да заминам.

„Еве", реков. „Мојата потврда е некаде таму. Ќе одам да се пресоблечам во нешто."

„Ти благодарам."

Се намурти кога се вратив во дневната соба. „Мислам дека ќе добиеш модринка на окото."

„Совршено. Одговара на остатокот од овој ужасен ден."

„Извини."

„Не е твоја вина. Постапи правилно. Некој ти се пика во креветот непоканет, прво маваш, потоа поставуваш прашања. Окото ќе ми заздрави."

„Благодарам што го кажа тоа, но сепак се чувствувам ужасно." Таа воздивна и покажа кон својот лаптоп, тресејќи ја главата. „Двете наши потврди го покажуваат истото. Изгледа двајцата сме ја изнајмиле колибава за истите датуми. Како е тоа можно?"

„Да видам."

Го сврте лаптопот кон мене, а јас ги споредив информациите на екранот со моите документи.

Секако, двајцата сме ја резервирале „Фифти Догвуд Лејн".

„Не знам што се случило", ѝ реков. „Но, дефинитивно платив за тоа. Се сеќавам дека видов на мојата кредитна картичка пред шест месеци."

„Јас резервирав минатата недела."

Ги кренав рамената. „Па, тогаш е јасно кој е легитимен закупец."

„Кој?"

„Јас. Јас резервирав прв."

„Не ме интересира кој резервирал прв", возврати таа. „Двајцата сме платиле за тоа, па имаме еднакви права на ова место."

Нејзината црвена рака ми го привлече вниманието. Сега беше навистина отечена. „Дај да ти ги видам зглобовите на прстите."

Таа повторно се двоумеше.

Ги превртев очите. „Мислам дека утврдивме дека не сум извршил никаков криминал со тоа што влегов овде. Ја имав комбинацијата, иако ти ја имаше оставено вратата отворена, што навистина не треба да го правиш кога си сама среде шума. Очигледно, ова е само некакво недоразбирање. Дај ми да ти ја видам проклетата рака."

Таа ги стесни очите. „Нема потреба да ме пцуеш."

„Пцуење? Зборот *проклето* не е пцуење."

„Да, е."

„Не, не е. Да кажев *ебената рака,* можеби ќе беше пцуење. Иако, *ебе* е глагол, а јас го користам и како придавка и како именка."

„Како и да е." Таа ја затресе главата. „Само погледни ја мојата *ебена* рака."

Се насмеав.

Два од нејзините зглобови на прстите изгледаа поместени надесно и тешко се гледаа поради отокот. „Можеш ли да ги поместиш тие прсти?" прашав.

Се згрчи додека се обидуваше. „Всушност, не. И кога се обидувам, болно трнење ми минува низ раката."

„Дали зглобовите на прстите обично ти се порамнети со самите прсти?"

„Да! Секако дека се!"

„Тогаш сум прилично сигурен дека се скршени.“

Таа ги затвори очите и воздивна. „Одлично.“

„Веројатно треба да одиш на ургентен, да направиш рендген.“

„Зглобовите на прстите ги третираат како скршени прсти и само ги преврзуваат?“

„Не баш. Кога коската е изместена, како што изгледа дека е кај тебе, обично треба да ги наместат и да ја стават раката во гипс“.

Бојата се исцеди од нејзиното лице. „Да ги наместат... мислиш да ги поместуваат зглобовите?“

Кимнав со главата.

„Тоа се чини болно.“

Навистина беше. Пеколно болно. Но, нејзиното бледо лице ми кажа дека треба да го чувам тоа за себе. „Не е толку лошо.“

Шум од другата страна на собата ми го привлече вниманието. Погледнав и го видов Гамби, убиствената чивава, како јава плишена играчка на подот. „Аххх... мислам дека твоето куче има нова девојка.“

Жената воздивна. „Тоа е Кејт. Не е нова. Леонардо го прави тоа со неа пет години. Вљубен е.“

„Тој е мажјак, со тој блескав ремен?“

„Не осудувај го затоа што сака сјајни работи.“

„Ти кажал ли дека ја сака таа работа околу вратот?“

Таа повторно ме погледна луто. Тоа беше необично слатко.

„Дали тоа треба да биде твоето заканувачко лице? Ако е така, можеби ќе сакаш да го изгаснеш светлото и да се вратиш на удирање во темница.“ Го погледнав кучето. Суштеството навистина вредно работеше. „Дали тоа што го јава е... желка?“

„Да.“

„Потсети ме никогаш да не го доближувам моето милениче до твоето.“

„Зошто?"

„Имам желка." Ја затресов главата. „Твоето куче е вљубено во плишена желка?"

Таа кимна со главата. „Затоа ја крстив Кејт."

„Не разбирам."

„Леонардо и Кејт - тие беа заедно на Титаник."

„Не умре ли еден од нив во таа љубовна приказна?"

Таа си ја погледна раката. „Може ли да почекам до утре за да одам на ургентен? Колку е часот, воопшто?"

„Не сум доктор, но веројатно тоа не ти е најпаметно, а сега мора да е околу три часот наутро."

„Одлично. Немам поим каде е најблиската болница, а немам ни автомобил. Се возев со Убер од аеродромот дотука."

Последното нешто што сакав да го направам беше да одам во проклета болница, но не можев да ја пуштам сама да оди среде ноќ. Кимнав кон вратата.

„Ајде. Имам автомобил. Ќе те однесам."

„Не, во ред е." Таа го зеде телефонот од масичката за кафе и почна да ги притиска копчињата. „Можам да повикам Убер."

„Сепак, веќе сум буден. Нема да можам да спијам ако не те однесам."

Челото ѝ се збрчка. „Зошто да не?"

„Затоа што не можам да дозволам жена да влезе во автомобил среде шума со странец, без да знае каде оди."

„Затоа што сум жена? Значи, би било во ред да бев маж?"

Уште едно трик-прашање. Воздивнав. „Само дозволи ми да те однесам."

Таа долго време гледаше во телефонот пред да го сврти кон мене. „О, Боже. Пишува дека нема Убери во областа. Како е можно тоа?"

„Во проклетиот Мичиген сме, среде ноќ." Повторно кимнав кон вратата. „Ајде. Само дозволи ми да те однесам."

„Не знам ни како се викаш.“

„Доусон.“

„Име или презиме?“

„Име.“

„Интересно.“

„Возбудливо. Можеме ли сега да одиме?“

Ме игнорираше. „Јас сум Наоми.“

Кимнав со главата. „Одлично. Сега кога сме најдобри пријатели, што велиш да тргнеме на пат? Буден сум во моментов, но на крајот ќе заспијам. Денот беше долг.“

Наоми си ја гризна усната. „Добро. Но, прво дозволи ми да го земам накитот.“

„Не пуштаат без накит во болница?“

„Не дека не пуштаат, туку треба да го чувам. Кога стигнав тука сфатив дека нема сеф, а го понесов со себе дијамантскиот приврзок на мајка ми и соодветни обетки. Таа почина, и тие многу ми значат.“

Ги насочив очите кон малиот стаорец, кој сè уште се грчеше. „Не може ли Гамби да го заштити?“

Наоми се намурти. „Не потсмевај му се на моето куче. Тој е неверојатен.“

„Зошто, по ѓаволите, донесе дијаманти во колиба во шума?“

„Одам на свадба. На мојата пријателка, Лили. Зошто?“

*О, срање. Наоми... се викаше Наоми.* „Како се презиваш?“

„Харт.“

Ги затворив очите. Овој ден навистина продолжуваше да станува сè поинтересен.

„Студираше право со Лили и Бен, нели?“

„Да. Како знаеш за тоа?“

„Затоа што одам на истата свадба. Бен ми е пријател - пријатели сме уште од деца, дури и одевме заедно на

факултет. Лили ми спомена неодамна. Рече дека тројцата сте оделе заедно на Универзитетот во Мичиген и дека штотуку си се преселила во Њујорк. Мислам дека нејзините точни зборови беа: ‘Ќе ве запознаам, но вие двајцата ќе се мразите’.“

# Глава 2
## НАОМИ

„Дали би сакале да се јавам во социјалните служби?“ Медицинската сестра топло се насмевна. „Или можеби во полицијата?“

„Полицијата? Зошто би сакала да разговарам со полицијата?“

Таа го насочи погледот кон мојата рака, која сега беше во гипс. „Нема од што да се срамите. Мојата сестра беше во насилна врска со години и го криеше тоа од нас. Тоа им се случува на силните луѓе. Тоа не е одраз на тоа која си ти.“

Ја кренав раката. „Мислите дека си ја скршив раката борејќи се со насилник?“

„Го видов вашето момче во чекалницата. Чекореше напред-назад и се чинеше дека му е непријатно што е тука.“

„Па, сигурна сум дека му е непријатно, бидејќи се познаваме само неколку часа, и се покажа дека сме предодредени да бидеме непријатели. Но, Доусон не ми е момче и дефинитивно не ме нападнал. Всушност, јас го нападнав. Така си ги скршив зглобовите.“

Сестрата ги стисна усните. Се чинеше дека не ми верува.

„Не, навистина“, реков. „Имаше некаква грешка со нашата резервација на ‘Ер-би-ен-би’, и изнајмивме иста колиба. Се разбудив среде ноќ и најдов полугол маж во мојот кревет, и мојата прва реакција беше да го удрам.“

„О, Боже.“

Кимнав со главата. „Така е. И се покажа дека двајцата сме во градот за истата свадба, па не можам ни да се извинам и да се преправам дека тоа никогаш не се случило.“

„Па, тој има прилично добро модро око, така што мора навистина силно да удираш“, се насмевна медицинската сестра.

Одеднаш ми текна дека ќе ги уништиме свадбените фотографии на Лили и Бен - јас со овој глупав гипс, а Доусон со модрото око. Ја затресов главата. „Мојата пријателка ќе ме убие. Таа ја планираше оваа бајковита свадба среде шумата, а Доусон и јас ќе направиме да изгледа како верзија на браќата Грим, наместо како на Дизни.“

Таа се насмеа. „Па, можело да биде и полошо.“

„Како?“

„Си можела да удриш грд маж. Многу ми е мило што типот не е она што се сомневав дека е, бидејќи е нешто сосема друго - вистински пастув.“

Таа не грешеше. Доусон беше неверојатно згоден. Бев навистина збунета кога го бев вклучила светлото. Кој, по ѓаволите, забележува дека натрапникот е згоден среде расправија?

Навистина ми требаше секс. Помина *толку* долго време од последниот пат. Но, проклетство... ми беше мило што не го удрив во таа извајана вилица, и барем едното око со бебешко сина боја му остана отворено за да можам да го гледам.

Си ја гризнав долната усна. „И го видов, целиот. Носеше крпа кога се разбудив, а моето куче му ја истргна. Да не заборавам да му дадам на Леонардо уште една награда подоцна.“

Очите на медицинската сестра светнаа. „И...?“

„Бабачко е.“

Двете се закикотивме како стари пријателки. Тоа не беше многу убаво од мене, со оглед на тоа што човекот

ме возеше - мене, непознатата која го беше удрила во окото и го заглави на ургентен центар среде ноќ - но ми требаше смеа.

Медицинската сестра ми подаде куп хартии захефтани во аголот, сè уште насмевнувајќи се. „Ова се упатствата за вашиот гипс. Најважно е да го завиткате во пластична кеса и да го чувате сув додека се туширате. Запечатувањето со гумена лента е најлесниот начин. И не ставајте ништо во гипсот, дури и ако ве чеша, бидејќи може да се повредите. Но, сепак знам ќе го направите тоа, особено затоа што ќе го носите ова нешто во најжешките месеци од годината и ќе се потите многу. Затоа, обидете се да користите турпија за нокти или барем нешто тапо."

„Добро, благодарам."

„Разговарајте со вашиот лекар кога ќе се вратите во Њујорк. Но, веројатно ќе го носите гипсот четири до шест недели."

Се намуртив. „Одлично, а барам нова работа. И, се разбира, деснак сум."

Таа кимна со главата. „Луѓето се склони да удираат со доминантната рака. Јас еднаш си го скршив зглобот во сообраќајна несреќа. Најлошиот дел беше кога ќе се обидев да си го закопчам градникот. Не сфаќаш колку раката ти се витка и извртува за да ги закопча тие мали куки." Таа го тргна послужавникот со средствата за третман од креветот и се повлече чекор назад. „Но, веќе завршивме."

Скокнав долу. „Ви благодарам за сè. Има ли женски тоалет што можам да го употребам пред да заминам? Долг е патот до колибата." Ако воопшто останам таму. Сè уште немав поим што, по ѓаволите, ќе правиме Доусон и јас.

Во тоалетот, бев ужасена кога се погледнав во огледалото. Вчера бев ставила вештачки трепки за првпат пред летот, мислејќи дека ќе изгледаат убаво за свадбата. Но, очигледно, лепилото не делувало толку добро, барем не на моето десно око.

А, пак, на левото? Тоа не изгубило ниту една трепка. Значи, изгледаше како едното око да е двојно поголемо од другото. Не само тоа, бев ставила маска за лице пред спиење. Глината беше жолта кога ја нанесов, но се исуши до сиво-зелена боја и очигледно не сум ја отстранила целата како што мислев. Лицето ми имаше две различни сиви дамки, од кои едната беше на носот и ја правеше левата ноздра да изгледа грутчеста. А тука беа и дамките. Имав светла кожа која не знаеше да излаже, па секогаш кога бев нервозна или вознемирена, добивав црвени дамки.

„Исусе." Ја вклучив водата и почнав да ја тријам преостанатата глинена маска од лицето. „Немаше потреба да го удрам човекот. Можев само да го исплашам со вклучувањето на светлото."

Неколку минути подоцна, излегов во лобито на ургентниот оддел без преостанатите трепки и без грутчестите сиви дамки. Немаше ништо што можев да направам во врска со мојата дамчеста кожа. Доусон стана кога ме виде.

„Проклетство." Ме погледна во раката. „Немаа бел гипс?"

„Не, мислев дека розовиот е сладок. Бојата ме прави среќна."

„Ако така велиш. Претпоставувам дека ти беа скршени зглобовите на прстите?"

Кимнав со главата. „И ме излажа. Пеколно ме болеше додека ги враќаа во правилна положба."

Усната на Доусон се згрчи. „Сметав дека си доволно вознемирена, не ти требаше уште и исчекување на болка од која ти се превртува желудникот."

„И зошто не ми кажа како ми изгледа лицето?"

Меѓу веѓите му се формираа две линии. „Што ти беше на лицето?"

„Очигледно, трепките што ги имав ставено паднале од едното око додека сум спиела, а дел од глинената маска што ја имав ставено синоќа, не сум го измила."

Очите на Доусон го скенираа моето лице. „Хм. Значи, носот не ти е природно искривен?"

„Не! Тоа беше од глината. Изгледав деформирано."

Тој ги крена рамената. „Сепак мислев дека си слатка."

Почувствував неочекувано треперење во стомакот, но го игнорирав. „Што ќе правиме со колибата?"

Доусон ја стави раката на мојот грб и ме натера да почнам да одам. „Можеме ли да разговараме за ова на враќање? Човекот онаму, лево од мене, кашла толку силно што ќе си го откине белодробното крило. Мислам дека има туберкулоза."

Го погледнав човекот што кашлаше. „Туберкулоза? Не е ли тоа малку претерано? Веројатно е само вирус или грип."

„Човекот се поти и е слаб. Ги пребарав симптомите. Треска и губење на апетитот се вообичаени индикатори за туберкулоза."

Застанав во место. „О, Боже. Заборавив што рече Лили кога ми кажа дека еден од пријателите на Бен е адвокат."

„Што рече таа?"

Се насмеав, навалувајќи ја главата назад. „Дека си паметен, супер натпреварувачки настроен и згоден, но и микробофобичен. Затоа ли се тушираше во два часот наутро?"

„Застанував на местата за одмор. Знаеш ли колку гнасотии има во тие одвратни тоалети?"

Не знам зошто, но не можев да престанам да се смеам - ниту кога го напуштивме ургентниот оддел, ниту додека одевме до местото каде што беше паркиран автомобилот на Доусон.

Ми ја отвори вратата со намуртен израз. „Не е толку смешно."

Му одговорив низ смеа. „Мислам дека само ми се спие. Кога сум исцрпена, понекогаш моите емоции се необично силни. Имаш среќа што не плачам - можеби ни тоа не ќе можев да го спречам."

Тој покажа кон автомобилот. „Влези, или ќе те оставам тука, и можеш да плачеш колку сакаш.“

Продолжив да се смеам во текот на целиот процес на врзување на безбедносниот појас, што траеше долго, бидејќи вообичаено го правев тоа со десната рака.

„Па, што ќе правиме со колибата?“ прашав кога Доусон влезе во автомобилот.

„Ѝ испратив мејл на жената што ни ја изнајми преку ‘Ер-би-ен-би’, но таа сè уште не ми одговорила. Тука е само шест и пол часот, а во нејзината биографија пишува дека живее на Западниот брег. Но, во меѓувреме, му пратив порака на Бен. Лили останува кај сестра ѝ до првата брачна ноќ. Тој рече дека можам да спијам на неговиот кауч дотогаш. Значи имаме две ноќи да смислиме што ќе правиме пред некој од нас да остане на улица“.

„Жал ми е што те терам да спиеш на кауч кога двајцата плативме за колибата.“

„Секогаш можам да го делам креветот со тебе...“

„Кога подобро ќе размислам за тоа, делењето соба со Бен звучи забавно.“

Доусон се насмеа и го стави автомобилот во брзина. „Така и си мислев.“

* * *

Четириесет минути подоцна, стигнавме до колибата. Тоа беше првпат некој од нас да ја види на дневна светлина. „Ова место изгледа симпатично преку ден.“

„Ќе беше поубаво да беше на Барбадос и да имаше бар покрај базенот и собна послуга.“ Тој го изгаси моторот, но ги остави клучевите во бравата. „Само треба да си го земам куферот.“

„О, да, секако.“

Прва влегов внатре, но Доусон веднаш застана пред мене. „Излези надвор“, рече тој со тивок, заканувачки глас.

Ѕиркајќи преку неговите широки рамена, видов што го направи толку заштитнички настроен. Во внатрешноста на куќата, облека беше расфрлана насекаде, а ние не ја оставивме така. Погледнав кон местото каде што беше полниот куфер на Доусон и го видов празен. Леонардо цврсто спиеше на софата, врз фармерки што сигурно ги довлечкал таму.

„Дали случајно го остави куферот отворен?“ прашав.

„Можеби. Морав да извадам облека.“

Излегов од зад Доусон и отидов до софата, мавтајќи со прстот. „Леонардо, што направи?“

Моето куче ги спушти ушите, карактеристичен знак дека е виновно, иако немаше цврсти докази.

„Извини. Леонардо обожава да распакува. Куфери, кутии, торби - не можам да оставам ништо отворено или ќе го испразни кога ќе заминам. Минатата недела го однесов во паркот и го направи истото со чантата на една жена додека јас пишував пораки една минута. Таа мислеше дека некој ја ограбил. Извини, не размислував кога си заминавме.“

Доусон ја затресе главата. „Одлично.“

„Навистина се извинувам. Ќе ти помогнам да раскренеш.“

„Разбирам“, рече тој, се наведна и почна да ја собира облеката од подот. „Мислам дека веќе ми помогна доволно.“

Се намуртив. „Не мора да бидеш намќорест поради тоа. Леонардо има анксиозност од разделба. Веројатно бил под стрес кога го оставивме на место што не му е познато.“

„Да, *кучето* е под стрес“, промрморе Доусон. Заврши со собирање на целата облека и ја врати во куферот. Воздивнувајќи, се огледа наоколу. „Мислам дека тоа е сѐ. Ќе те известам кога ќе имам новости за жената од ‘Ер-би-ен-би’.“

„Дозволи ми да ти го дадам мојот број, во случај да треба да ме контактираш.“